**Почитувани Осигуреници,**

Согласно одредбите од член 49 и 50. од Законот за супервизија на осигурување, а поради трајна заштита на Вашите интереси, Ве упатуваме внимателно да ги прочитате следниве информации:

- Кроациа Осигурување АД Друштво за осигурување на живот Скопје е регистрирано друштво за осигурување на живот со седиште на ул. Костурски Херои бр.38, Скопје.

1. Информации за овластени застапници и посредници може да добиете преку регистрите објавени на нашата веб страна:
   - застапници во осигурување – линк http://www.cro.mk/Регистер_на_застапници.aspx и https://cro.mk/gis/Upload/Registar-na-banki-01.2020.pdf
   - Брокерски друштва - линк http://www.cro.mk/Регистар_на_осигурителни_брокерски_друштва.aspx;
   - Друштва за застапување во осигурување – линк http://www.cro.mk/Регистар_на_друштва_за_застапување_во_осигурување.aspx.
2. Договорот за осигурување е регулиран согласно Закон за облигациони односи и Закон за супервизија на осигурување. Правата и обврските на осигурителот и осигуреникот се регулирани во Општите и посебни услови кои се објавени на нашата веб страната, линк http://www.cro.mk/Услови.aspx, а истовремено се дел и од Вашата Полиса за осигурување на живот;
3. Периодот на важност на договорот и износот на премијата се договараат помеѓу Договорувачот на полисата и осигурителот и се составен елемент на Полисата за осигурување на живот;
4. Договорувачот има право на прекин на договорот согласно Посебните услови за осигурување кои се составен дел на договорот за осигурување;
5. Договорувачот е должен, со договорената премија, да ги плати и сите придонеси и даноци воведени согласно важечките законски прописи.

   **Данок на личен доход**

   **Се пресметува и плаќа** на товар на осигурената сума:
   - во случаите кога правно лице е договорувач на осигурувањето и воедно ја плаќа премијата, а корисник за осигурената сума е осигуреникот или друго физичко лице во согласност со Законот за данокот на личен доход. Правното лице кое врши осигурување за своите вработени плаќа данок на личен доход во моментот на уплата на премијата за износот над утврденото даночно ослободување во согласност со член 12, точка 35 од Законот, додека друштвото за осигурување задржува и плаќа данок на личен доход на разликата меѓу осигурената сума и оданочената премија во согласност со член 70 од Законот;
   - на разликата меѓу уплатената премија и исплатената осигурена сума, соглано член 70 од Законот за данокот на личен доход.

   **Не се пресметува и плаќа:**
   - при исплата на надомест на штета по основ на настаната смрт на осигуреникот, траен инвалидитет или надомест за лекување;

   **Данок на добивка**

   **Се зголемува даночната основа на** правното лице кое се јавува во својство на договорувач за осигурување на своите вработени лица и воедно ја плаќа премијата од сопствени средства над износот определен согласно член 9, став 1, точка 5-а од Законот за данокот на добивка.
6. Агенцијата за супервизија на осигурување е надлежен орган за супервизија на друштвото за осигурување до кое може да се достави жалба во однос на друштвата за осигурување, осигурителните брокерски друштва, друштвата за застапување во осигурувањето и застапниците во осигурувањето;
7. Информација за потребните документи кои треба да ги поднесете при настанување на оштетно побарување може да добиете секој работен ден од 08.00 – 16.00 часот на телефонскиот број (02) 3215 883, преку маил contact@cro.mk, преку линк http://www.cro.mk/Пријави_штета.aspx, преку web страната на Друштвото каде се прикачени сите потребни формулари или преку Брокерското друштво кое го склучило договорот за осигурување;
8. Во случај кога договорувачот, осигуреникот, односно корисникот на осигурувањето смета дека осигурувачот не се придржува кон одредбите од договорот за осигурување може да поднесе приговор, односно жалба против работењето на друштвото за осигурување кое ќе го доставите на адресата на Друштвото, преку формулар на веб страната, e-mail адреси: contact@cro.mk, info@cro.mk или e-communications@cro.mk; на телефонскиот број (02) 3215 883. Во случај на спор помеѓу договорните страни, Друштвото предвидува вонсудско решавање на спорови преку: Соодветна организациона единица надлежна за решавање на спорови меѓу договорни страни во рамките на друштвото за осигурување; Служба за внатрешна ревизија во друштвото за осигурување; Организација за заштита на потрошувачи, и Агенција за супервизија на осигурување .
9. Доколку во производот е дефинирано право на учество во добивка, Договорувачот, осигуреникот, односно корисникот учествува во распределбата на остварената добивка на осигурувачот во осигурување на живот, право на учество во распределбата на остварената добивка на осигурувачот при осигурување на живот стекнуваат со истекот на рокот од 24 (дваесетичетири) месеци односно 12 (дванаесет) месеци за договори со еднократна уплата на премија од датумот на

почетокот на осигурувањето, под услов премијата да е платена во целост до денот на пресметката (31 декември). Добивка се пресметува од износот на математичка резерва, како основа се зема разликата помеѓу вкалкулираната каматна стапка во производот и просечниот принос на вложувања на математичката резерва кои компанијата ги остварила. Добивка се припишува само со дополнителна одлука на Собранието на акционери и се исплаќа заедно со Осигурената сума.

10. Вложувањата на осигурителните компании ги дефинира законската регулатива, конкретно Законот за супервизија на осигурување. Земајќи ги во предвид сите значајни одредници за управувањето со вложувањата, друштвото има усвоено стратегија и модел на управување со средствата кој ќе осигура долгорочно, стабилно, солвентно и профитабилно работење.
 И покрај сите законски дозволени вложувања на средствата од капиталот и резервите, Кроациа осигурување-Живот АД Скопје применува конзервативна политика на вложувања.
11. Договорувачот може да побара капитализација на осигурувањето без понатамошно плаќање на премијата со намалена договорена сума според Табелата на намалени осигурени суми без понатамошно плаќање на премијата (капитализација), а согласно пропишаните услови во Условите за осигурување.
12. Табела на откупната вредност на полисата е составен дел од Договорот за осигурување.
13. Кога инвестициониот ризик е на товар на осигуреникот во условите за осигурување на живот се определува вложувањето во удели во инвестицискиот фонд кои ја претставуваат посебната резерва за овој вид на осигурување. Во документ со клучни информации се опишани главните вложувачки цели и политики на инвестирање. Детални инфорамации за динамичната структура на вложувањата на фондот може да се добијат преку увид во проспектот на соодветниот инвестициски фонд и на web страната на друштвата за управување со фондови.

**ПОПОЛНУВАЊЕ НА НАЛОГ ЗА УПЛАТА НА ЖИВОТНО ОСИГУРУВАЊЕ**

Пополнување на Налог за уплата на животно осигурување се врши на Образецот ПП 10 по определен износ во денарска противвредност според средниот курс на Народна Банка на РМ на денот на уплатата, со следните податоци:


УПЛАТНИЦА

УПЛАТУВАЧ

НАЗИВ НА УПЛАТУВАЧОТ: Име и Презиме

БАНКА НА УПЛАТУВАЧОТ: по избор на уплатувачот

ПОВИКУВАЊЕ НА БРОЈ - ОДОБРУВАЊЕ: повикувачки број наведен на известувањето

ЦЕЛ НА ДОЗНАКА: XXXXXX (број на полиса)

ДАТУМ НА УПЛАТА

МЕСТО НА УПЛАТА

ПОТПИС

ПРИМАЧ

НАЗИВ НА ПРИМАЧОТ: КРОАЦИА ОСИГУРУВАЊЕ - ЖИВОТ АД СКОПЈЕ

БАНКА НА ПРИМАЧОТ: по избор на уплатувачот

СМЕТКА

ИЗНОС: МКД

ШИФРА

НАЧИН

| | | | |
|---|---|---|---|
| НЛБ Банка АД Скопје | 210059209220181 | Стопанска Банка Битола | 500000000787764 |
| Халк Банка | 270000001091331 | Шпаркасе Банка | 250001002250089 |
| Стопанска банка | 200001074639421 | Охридска Банка | 530010100997691 |
| Про Кредит Банка | 380106512601154 | Силк Роуд Банка АД Скопје | 280100104614270 |
| УНИ Банка | 240020000325172 | Комерцијална Банка | 300000002150817 |
| Централна Кооперативна | 320100005031682 | | |

Верзија 25.12.2020

Со почит,

Ваша Кроациа Осигурување АД

Друштво за осигурување на живот